## ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО ГИНЕКОЛОШКА ХИРУРШКА ОНКОЛОГИЈА

| | |
|---|---|
| **Област на супспецијализацијата** | **Гинеколошка хируршка онкологија** |
| **Звање со кое се стекнува по завршување на супспецијалистичкиот испит** | **Супспецијалист по гинеколошка хируршка онкологија** |
| **Траење на супспецијализацијата** | **2 години (24 месеци)** |

### НАСТАВЕН ПЛАН

Интердисциплинарниот план и програма се изведуваат во траење од 24 месеци во комплетни образовни центри.

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Цитодијагностика | 1 месец |
| **2.** | Гинеколошка онколошка патохистологија | 1 месец |
| **3.** | Ултразвучна дијагноза | 2 месеци |
| **4.** | Гинеколошка онколошка хирургија | 8 месеци |
| **5.** | Урологија | 2 месеци |
| **6.** | Абдоминална хирургија | 1 месец |
| **7.** | Радио терапија и хемотерапија на гинеколошки тумори | 1 месец |
| **8.** | Амбуланта за болести на дојка | 1 месец |
| **9.** | Амбуланта за премалигни и малигни заболувања на грлото на матката-колпоскопија | 3 месеци |
| **10.** | Амбуланта за следење на пациентки по завршена терапија | 1 месец |
| **11.** | Онколошка гинеколошка амбуланта | 3 месеци |

## ПРОГРАМА

Гинекологот-обстетичар за време на субспецијализација по принцип на турнуси на компетентни клиники, институти и лаборатории стекнува знаење и вештини во интерактивна настава со практична работа и тоа:

1. Цитодијагностички процедури
2. Цервикална патологија

3. Методи и дијагностички постапки во откривање на други малигни заболувања од гинеколошко потекло
4. Ултразвучни процедури во гинеколошката онкологија
5. Гинеколошка патохистологија и дефинирање на терапијата врз основа на тоа
6. Лапараскопија(дијагностичка)
7. Оперативни методи и техники на гинеколошки онколошки операции, посебно радикални операции и операции на циторедукција на туморите
8. Локална апликација на радиоактивни извори на вулва, вагина и матка
9. Принципи и методи на надворешна радиотерапија
10. Хемотерапија – принципи и методи
11. Принципи и методи на хормонска терапија кај гинеколошките заболувања
12. Преглед, дијагноза и терапија на заболувањата на дојката
13. Принципи и методи на имунотерапија и имуносупресија кај заболувања на дојката
14. Принципи и методи  на третман на рецидивни тумори по завршена операција, хемио и радиотерапија
15. Знаење, вештини и практична работа од областа на урогинекологијата

## ПРАКТИЧНА РАБОТА (гинеколошко – онколошки операции)

| | | оператор | асистент |
|---|---|---|---|
| 1. | Пункција на асцит | 20 | 10 |
| 2. | Пункциј на превралeн излив | 3 | 5 |
| 3. | Дијагностичка пункција на ингвинални лимфни јазли | 1 | 3 |
| 4. | Пункциона биопсија на тумори | 10 | 10 |
| 5. | ХТА со БСО | 30 | 30 |
| 6. | Хта со БСО со селективна лимфаденектомија | 20 | 20 |
| 7. | Радикална хистеректомија | 15 | 30 |
| 8. | Цисторедукција на оваријални тумори | 10 | 15 |
| 9. | Радикална вулвектомија | 1 | 2 |
| 10. | Лапароскопија (дијагностичка) | 25 | 15 |
| 11. | Интракавитарни апликации | 3-5 | 10 |

Овој план ќе се спроведува преку мултидисциплинарна соработка во која водечка улога ќе има Катедрата по гинекологијаи акушерство, при Медицинскиот факултет во Скопје. За да се оствари овој план, ќе соработува со:

1. Одделението за оперативна гинеколошка онкологија
2. Одделението за урогинекологија
3. Одделението за цитолошка дијагностика
4. Одделението за интервентен ултразвук
5. Одделение за ендоскопија
6. Амбуланти во состав на Гинеколошката клиника
7. Институт за Радиотерапија и Онкологија
8. Клиника за абдоминална хирургија
9. Клиника за Урологија
10. Клиника за торакална хирургија

**ТЕОРЕТСКА ПРОГРАМА ЗА СУБСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАПО ГИНЕКОЛОШКА ОНКОЛОГИЈА**

**(ПРОГРАМА ЗА САМОЕДУКАЦИЈА И РАБОТА СО МЕНТОР)**

**ДЕФИНИЦИИ:**

- Познавање на сите теми кои вообичаено се користат во клиничката пракса на гинеколошката онкологија
- Детално познавање на важните аспекти на темите коиги познаваат специјалисти од други дисциплини.
- Познавање на темите кои се важни во клиничката практика на гинеколошката онкологија

# ПРВ СЕМЕСТАР

**1. Анатомија и хистологија – Институт за анатомија и Институт за хистологија и ембриологија**

- Познавање на регионалната анатомија на карлицата, абдоменот, градниот кош, бутините, ендокрините жлезди, особено во однос на хирушките процедури кои ги изведува гинеколошки онколог
- Детално познавање на грубата анатомија и хистологија на важните коски, сврзните ткива, мускулите, крвните садови, лимфно и нервно снабдување

- Познавање на анатомијата и хистологијата на карличните органи и дојката
- Познавање на структурата на клетката

**2. Патологија – Институт за патологија, Институт за радиотерапија и онкологија, Лабораторија за хистологија и клиничка цитологија**

- Детално познавање на цитологијата и хистологијата на гинеколошките канцери и канцерите на дојката и пре-канцерозните состојби
- Детално познавање на карциногенезата, инвазивноста и метастазирањето
- Детално познавање на молекуларната и клеточната биологија

**3. Статистика и епидемиологија – Институт за епидемиологија**

- Познавање на статистичката анализа и собирање на податоци во гинеколошката онкологија
- Познавање на подготвување и интерпретирање на клиничките истражувања
- Познавање на социолошките фактори во однос на гинеколошката онкологија

## ВТОР СЕМЕСТАР

**1. Микробиологија – Институт за микробиологија и вирусологија**

- Познавање на инфективните агенси во карциогенезата

**2. Биохемија – Републички завод за здраствена заштита**

- Познавање на исхраната во однос на гинеколошката онкологија

**3. Биофизика – Природно математички факултет**

- Познавање на физичките принципи и биолошките ефекти кои се во основата на снимањето и тераписките техники кои вклучуваат топлина, светлина, звук и електромагнетизам

**4. Имунологија – Институт за имунологија и молекуларна биологија**

- Познавање на имуните механизми вклучени во одбраната од канцерот

**5. Фармакологија – Институт за Фармакологија**

- Познавање на особеностите, фармакодинамиката, дејствијата, интерреакциите, и штетноста од фармаколошките агенси кои се користат во гинеколошката онкологија

## ТРЕТИ СЕМЕСТАР

**1. Гинеколошка онкологија – Клиника за Гинекологија и Акушерство**

- Познавање на епидемиологијата, етиологијата, превенцијата, скринингот, дијагностичките техники, прогностичките фактори и развојните фази на гинеколошките тумори и нивниот третман, вклучувајќи примарна и секундарна превенција

**2. Канцер на дојката – Клиника за Торакална хирургија**

- Познавање на епидемиологијата, етиологијата, превенцијата, скринингот, дијагностичките техники, прогностичките фактори и развојните фази на канцерот на дојката и нивниот третман, вклучувајќи примарна и секундарна превенција

**3. Снимање – Институт за Радиологија (ренген снимање, КТ, МР, Ехо)**

- Детално познавање на сите техники на снимање, вклучувајќи компјутерска томографија, ултразвук, магнетна резонанца, кои се користат во гинеколошката онкологија,вклучувајќи ги индикациите и интерпретацијата

**4. Хирушки третман**

- Познавање и вештина во сите хирушки процедури кои се користат во гинеколошката онкологија, вклучувајќи и хирургија на дојката
- Познавање на компликациите во хирургијата во гинеколошката онкологија и постоперативната нега
- Познавање и примената, техниките и компликациите со анестезија и интензивна нега и експертиза во праксата на реанимација на возрасни пациентки
- Познавање и искуство во предоперативната процена и подготовките за оперативен зафат

## ЧЕТВРТИ СЕМЕСТАР

### Неоперативен третман

**1. Онкологија –Институт за Радиотерапија и Онкологија**

- Детално запознавање со радио и хемио терапија
- Детално познавање и искуство во примената на хемотерапијата, хормонотерапијата, радиотерапијата, имунотерапијата и генетската терапија во рамки на гинеколошката онкологија
- Познавање на причините и третманот (вклучувајќи и хирушки третман) на хронична пелвична болка

**2. Психологија**

- Познавање и искуство во психолошкиот третман на пациентките третирани поради гинеколошки канцер или канцер на дојката
- Познавање на принципите и третманот на сексуалните дисфункции и психосоматските пореметувања кај пациентки третирани поради гинеколошки канцер

**3. Палиативна или терминална нега**

- Познавање и искуство во палиативната нега и третман на терминалната нега на пациентки третирани поради гинеколошки канцер или канцер на дојката

По совладување на теоретската настава со пропишани минимум бодови, совладување на сите предвидени практични, дијагностички и тераписки вештини, полагање на предвидените колоквиуми, одбранет семинарски труд и положен суспецијалистички испит, кандидатот се стекнува со звање Суспецијалист по **гинеколошка хируршка онкологија.**